**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

***ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи***

***во Република Македонија***

---

**I. Мисија**

Градење и развој на мрежа на невладини организации посветени на подобрувањето на меѓуетничките односи во република Македонија.

**II. Цел**

Овој Меморандум за соработка, (во понатамошниот текст МС) е резултат на заедничката иницијатива помеѓу ЕЦМП од Фленсбург - Германија и членките на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во *Република Македонија* (во понатамошниот текст "Мрежа"). МС го опишува договорот на долупотпишаните страни за имплементација и раководење на Мрежата.

Мрежата ќе ја зголеми соработката на НВО членките кон развојот и подобрувањето на меѓуетничката толеранција, почитта за разликите и дијалогот помеѓу сите оние кои што живеат во Република Македонија.

Особено оваа НВО Мрежа има за цел да ги зајакне капацитетите на учествувањето на НВО во создавањето на заеднички и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија како и имплементација на ваквите иницијативи. Ваквите активности ќе се спроведуваат со силно нагласена локална соработка, ставајќи ги во целосна употреба ЕЦМИ Регионалните Центри на НВО (во понатамошниот текст "Регионални Центри").Преку ваквите Регионални Центри, меѓуетничките иницијативи од директна важност за локалните заедници, можат да бидат потикнати во согласност со приоритетите воспоставени од нив. Мрежата ќе превзема и национални иницијативи.

Претставниците на НВО потписнички на овој МоЦ се обврзуваат на нивна соработка за негова целосна имплементација во согласност со принципите на толеранција, меѓуетничка соработка, транспарентност и одговорност. ЕЦМИ кој што го иницираше создавањето на оваа Мрежа ќе ја овозможи неговата оперативност, како што е детално опишано во Секторот III,предмет на Секторот VIII. ЕЦМП генерално нема да биде во можност да прави фондови за иницијативи развиени од членовите на Мрежата, но може да ја стави на располагање подршката

за обидите за создавање фондови за други иницијативи развиени во рамките на Мрежата, предмет на Анекс 3.

## III. Поле на работа

Преку средствата на оваа Мрежа ќе биде зголемен капацитетот на НВО учеснички, да смислуваат и имлементираат меѓуетнички иницијативи.Ова вклучува тренинг и други мерки за зголемување на капацитетот.Во дополнение кредибилитетот на НВО учеснички ќе биде зајакнат со следење на критериумот за прием во членство (Анекс И) и заедничкиот Кодекс на Однесување, содржан во Анекса 2.УШте повеќе Мрежата ќе го подржува развојот на заедничките меѓуетнички иницијативи, нивната презентација на финансиерите и нивна имплементација стриктно во согласност со овој критериум.

Мрежата ќе биде подржана од веб-базиран информационен извор. Тој извор ќе обезбеди можност за НВО учеснички да го изложат нивниот профил и да ги детализираат нивните активности. Во дополнение изворот ќе содржи клучни информации релевантни за НВО членките , во услови на нацрт иницијативи , можности за фондови и добра пракса во доставување на иницијативи .

Мрежата исто така обезбедува средства преку кои може да биде истакнат силниот допринос кој Што НВО можат да го направат за развојот на цивилното општество во Република Македонија заедничко лобирање за опкружувањето во кое НВО посветени на принципите на оваа Мрежа можат да напредуваат и ефективно да ги пласираат нивните мандати.

## IV.Општо делување

Невладините организации кои се членки на Мрежата ќе се вклучат во заеднички иницијативи и други иницијативи врз кои што тие ќе се содржат во согласност со стандардите за трнспарентност и квалитет на достигања усвоени од Мрежата (Анекс 2 ).Севкупната цел на таквите иницијативи е да се обезбеди корист за сите граѓани на одржливи основи .

Почетните активности на национално ниво (на локално ниво, види Анекс 3) ќе вклучат:

1. Идентификација на понатамошни НВО членки.
2. Формирање на Координативно Тело.
3. Одредување на критериум за одржливост и подобрено функционирање на Мрежата.
4. Заедничка акција за поддршка на иницијативите на НВО членките.

5. Дискусија за конкретни мерки кои што можат да бидат превземени за зголемување на климата на соработка, коегзистенција и толеранција во НВО секторот.
6. Одржување на состаноци за елаборирање на заеднички меѓуетнички иницијативи.
7. Овозможување на заеднички предлог иницијативи по НВО групи - членки на Мрежата.
8. Заедничка презентација на Мрежата пред потенцијални интернационални донатори.
9. Заеднички електронски ресурси за активностите на невладините организации кои се нејзини членови, најдобри применувања во нацрт предлог иницијативи, имплементација на иницијативи исто и можности за финансирање.
10. Обука за претставниците на НВО за развивање на иницијативи, раководење со иницијативи и други теми на интерес.

**V.Структура на мрежата**

Мрежата е доброволна иницијатива на НВО кои решиле да соработуваат во согласност со заедничките стандарди на квалитет , со цел остварување на горенаведените цели . Како иницијатива, Мрежата нема статус на правно лице ,иако ова со тек на време може да биде ревидирано.

За да се поткрепат таквите активности на Мрежата, следните механизми ќе бидат воспоставени:

***Собрание***

Собранието на Мрежата го сочинуваат сите страни потписнички во Мрежата.
Собранието ги прифаќа новите членки на Мрежата во согласност со критериумите изложени во Анекс 1.
Собранието на Мрежата се состанува во полн состав најмалку еднаш годишно.На овие состаноци ќе се избира Координативното тело.

***Координативно тело***

Собранието, од своите членови, избира Координативно Тело. Координативното Тело е составено од дванаесет претставници на НВО и еден претставник на ЕЦМИ.

Кога ќе се избираат членовите на Координативното Тело, сите напори треба да бидат направени да го одразува мултиетничкиот состав на Мрежата, и претставување на регионите во кои постојат Регионални Центри.

Координативното Тело го избира својот Председавач.

Координативното Тело е се состанува на барање на Председавачот или најмалку една третина од членовите на Координативното Тело.

- √ Мандатот на Координативвното Тело ќе биде една година со право на повторен избор.
- √ Координативното Тело може да назначи заменик Председавач да асистира на Председавачот кога е потребно или во случај на негово отсуство.
- √ Да се одржуваат состаноци на Координативното тело најмалку 10 пати годишно.
- √ Партиципирање во процесот на донесување на одлуки (со можност за донесување одлуки) врз основа на критериумите на ЕЦМИ за одобрување на иницијативи.
- √ Да се даде предност на иницијаитиви на национално ниво кои имаат влијание се однесуваат на и кои се занимаваат со институционални-те сфери (лобирање, промени во легислативата, итн.)
- √ Да се направи разлика помеѓу работната стратегија (презентирана во МоЦ како Акционен План) и Акциониот План.
- √ Да се направаи кратка содржина за правата и одговорностите на членовите на координативното тело. Истото може да се однесува за членовите на комитетите.
    1. Да присуствуваат на состаноци
    2. Да придонесуваат во работата на Координативното Тело
    3. Да учествуваат во процесот на донесување одлуки како независни предтсваници на Координативното Тело во Мрежата
    4. Да учествуваат и допридонесуваат кон работата на Комисиите

***Задачи и одговорности на Координативното тело***

Помеѓу две Генерални собранија Координативното тело ја превзема главната одговорност за имплементација на акциониот план и работната стратегија на мрежата
Координативното тело ја превзема главната одговорност за имплементација на акциониот план на Мрежата. До сега е одговорно за:

- **Состанување на Координативното Тело,** вклучувајќи закажување состаноци, регуларни контакти и едукација на членовите на Координативното Тело, дистрибуција на дневниот ред, обезбедување на материјали и други додатни задачи во согласност со потребите.

- **Состанување на членовите на Мрежата,** вклучувајќи селекција и поканување на фацилитатори и учесници, дистрибуција на дневниот ред, пропратни материјали и други додатни задачи во согласност со потребите.

- **Смислување на одржлива стратегија за Мрежата.**

- **Редовно информирање со доставување заклучоци од состаноците на Координативното тело**

- **Заедничко лобирање во корист на Мрежата**

  - **Надворешен план за лобирање:** презентација на Мрежата пред различни структури, лобирање и застапување.

  - **Внатрешен план за лобирање:** вклучува промовирање на оваа иницијатива и развивање на асоцијација и соработка, организирање дискусии помеѓу внатрешните членови,одредување активности за сите засегнати страни.

  - **Одржување редовни контакти,** најмалку преку еден годишен заеднички состанок со Извршниот Комитет на Регионалните Центри
  - Мрежата ќе одржува прес конференции секои три месеци, со цел да ги презентира своите активности, проблемите со кои се соочува како и идните планови.

  - Координативното тело ќе избира секторски комитети и други видови на комитети потребни за успехот на Мрежата, базирани на иницијативата на Регионалните Центри или бројот на членови кои го исполнуваат критериумот за донесување независни одлуки во согласност со Анекс 3 од МоЦ.
  - **Стратегија за одржливост и подобрено функционирање на Мрежата**

  - **Координативното тело го добива финансискиот извештај за трошоците на регионалните центри и иницијативите финансирани од мрежата, на крајот на годината**

  - **Координативното тело решава за иницијативи на национално ниво само на состанок на Координативното тело**

  - **ЕЦМП мрежата формира советодавно тело од замениците на Регионалните Координатори**

Да ги разгледува годишните извештаи на Регионалните Центри две седмици пред Генералносто Собрание, и да ги поднесе до Координативното Тело.

## VI .Следење на резултатите на иницијативата

Напредокот на активноста на Мрежата ќе биде набљудуван од Координативното Тело, Собранието и потписниците, преку развојот и надградувањето на заедничката веб страница и другите информативни материјали поврзани со оваа иницијатива и Мрежата . Собранието ќе го разгледува годишниот извештај на Регионалните

Центри и годишниот извештај презентиран од Координативното тело за националните активности.
Тоа ќе ја остварува секцијата на разрешување на спорови, пропишани со членот VII. Собранието ќе ги разгледува годишните извештаи на Регионалните Центри и на Коориднативното Тело. Координативното Тело ќе презентира гледишта за работа на Регионалните Центри.

**VII . Процес на донесување одлуки**

Мрежата на Регионалните Центри не управува со активностите на членките НВО кои се направени надвор од овластувањето на Мрежата. Наместо, одлуките добиени од телата овде воспоставени се однесуваат на однесувањето и активностите на Мрежата, Регионалните Центри и иницијативите направени под нивно покровителство.

Одлуките од страна на Собранието се донесени со обично мнозинство од сите членови. Одлуката за исклучување на член прифатен од Собранието во членство се донесува со двотретинско мнозинство од сите членови врз основа на очигледно однесување кое не е според Кодексот на Однесување за членки НВО содржан во Анекс 2. Во врска со членка која била примена преку Регионален Центар која што не успеала да се однесува според Кодексот на Однесување содржан во Анекс 2, исклучувањето може да биде одлучено со двотртинско мнозинство од сите членови на засегнатиот Регионален Центар.

Таа одлука ќе биде правосилна по потврдување од страна на Координативното Тело со двотретинско мнозинство.

Координативното Тело донесува одлуки со мнозинство од своето членство.

Одлуките кои влијаат на финансирањето и улогата и функциите на ЕЦМИ можат единствено да бидат ефективни со согласност на ЕЦМИ.

Овој параграф е предмет на Секцијата VII.

**VIII.Разрешување на несогласувањата**

Споровите кои се поврзани со работата на Мрежата ќе бидат решени преку консултација со Координативното Тело. Доколку препораката на Координативното Тело за тоа како да се разреши спорот не е прифатена од една или повеќе од релевантните страни, или ниедна препорака не може да биде договорена со обично мнозинство на гласови, тогаш се формира тело за помирување составено од еден член на Координативното Тело, еден член на ЕЦМИ и трет член, номиниран заеднички од двата предходно назначени членови. Организацијата која што не ги

следи препораките на телото за помирување ќе биде исклучена од Мрежата со обично мнозинско гласање на Координативното Тело.

Споровите кои се поврзани со заедничките иницијативи спроведени под покровителство на Мрежата или на Регионалниот центар кои што не може да бидат решени преку консултација помеѓу партнерите на иницијативите , доколку е неопходно со инволвирање на ЕЦМИ Регионален Представник во период од два месеци од објавување на спорот од било која страна на Координативното Тело исто така ќе биде решен преку горенаведениот механизам.
Координативното Тело ќе ги исслушува желбите во однос на прием на членови во Регионален Центар, доколку ваквата желба ја поднеле најмалку два члена на тој Регионален Центар. Координативното Тело може да ги прифати членот како придружен член во очекување на одлуката на Генералното Собрание по ова прашање.

## IX . Финансирање на Мрежата

За 2004, ЕЦМП обезбеди финансирање за помагање на основањето и почетното работење на Мрежата.Шиокоградата поддршка на Министерстгвата за надворешни работи на Данска и Норвешка, СИДА Шведска и Велика Британија се споменува со почит во овој контекст. Се очекува дека ќе може да се обезбеди слично, а можеби и дополнително финансирање за поддршка на активностите на Мрежата за 2002. Планирањето за 2002 ќе биде насочено кон обезбедување на одржливоста на Мрежата на подолг рок.
Координативното тело во 2004 год. Во консултација со ЕЦМП ќе излезе со долгорочен стратешки план за одржливост.

Самата Мрежа, општо земено, нема да финансира заеднички иницијативи, предмент на Анекс 3. Сепак, Мрежата ќе помага во презентирањето на заедничките иницијативи пред потенцијалните донатори .Тука се опфатени локалните мисии на земјите – донатори , меѓународните организации и фондации и Пактот за стабилност за Југоисточна Европа . ЕЦМП како дел од Мрежата , стои на располагање за следењето на имплементацијата на иницијативите во поглед на иницијативите за кои финансиски е работено и е добиено како резултат на напорите вложени
во рамки на чадорот на Мрежата.

Преку своите Регионални Центри, Мрежата може исто така да биде во можност да обезбеди некое директно финансирање за иницијативи кои ветуваат брзи и видливи резултати за сите заедници во дадена област, како што е изложено во Анексот 3.

## X . Завршни одредби

1. Овој Меморандум за Соработка ќе биде во сила во траење од две години и ќе биде продолжуван на натамошни двегодишни периоди без потреба од натамошно делување, освен доколку не се одлучи поинаку. За континуираното учество на ЕЦМП, сепак, ќе биде потребна годишна поддршка.
2. Условите на овој Меморандум за Соработка може да се дополнуваат или заоструваат со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови присутни на состанокот, под услов да се присутни најмалку половината од членовите. Сепак, промените кои се однесуваат на улогата или одговорноста на ЕЦМП ќе се ефектуираат само со одобрение на ЕЦМП.
3. Секоја НВО членка на мрежата може по своја одлука да се откаже од членството во мрежата . Својата одлука писмено ќе ја достави до Координативното тело и одлуката ќе стапи во сила еден месец по приемот на известувањето . Ако НВО членка сака да се откаже од членството а е вклучена во заедничка иницијатива , создадена преку регионалните и националните структури на Мрежата , единствено ќе може да се откаже од членството во моментотна завршувањето на иницијативата , како што е наведено во предлог иницијативата.Сепак , ако сите партнери во иницијативата се согласат , НВО која сака да го откаже своето членство ,може да направи како што е наведено во првата реченица од овој пасус .

**А Н Е К С 1**

## КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЕМ И ЧЛЕНСТВО ВО ЕЦМП МРЕЖАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. НВО-ите - членки на Мрежата треба во поширока смисла да го одразуваат етничкиот состав на Република Македонија.

2. НВО-ите - членки треба да промовираат и иницираат активности од интерес за сите заедници.

3. НВО-ите - членки треба да промовираат идеи за соработка со различни етнички групи и заедници и заеднички да се ангажираат и придонесуваат за нивна имплементација.

4. НВО-ите - членки треба да се отворени за соработка со институциите кои се заинтересирани за промоција и унапредување на меѓуетничка соработка.

5. НВО-ите - членки треба да го поддржат лобирањето на Мрежата, со цел остварување на заеднички поставените цели.

6. Мрежата нема да биде отворена за НВО кои имаат партиска позадина или цели.

7. НВО-ите - членки треба да бидат транспарентни во нивната работа и отчетни пред своите членови и пред донаторите.

8. Сите членки на НВО се обврзуваат да го почитуваат Меморандумот за соработка.

9. Новите членови ќе бидат предложени д една НВО членка и поддржани од уште една членка на Регионалниот Центар. Под условите на членот VII од Меморандумот за Соработка.

10. Со потпишување на Меморандумот за соработка НВО формално стануваат членки на Мрежата по одлука на Собранието/Регионалниот Центар.

11. Во случај на непочитување на горенаведените критериуми Мрежата го задржува правото за исклучување на членката.

12. Сите членки се должни да постапуваат според заклучоците на органите на Мрежата.

**А Н Е К С 2**

**КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ**

**за НВОите членки на “ ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија”**

**А. Вредности**

Колку и да се различни нашите активности, ние имаме заеднички вредносни системи. Засновано врз желбата да се унапредуваат и подобруваат животите на луѓето, да се води борба против сиромаштијата и против нееднаквоста; врз определбата да се зголеми соработката помеѓу НВО-ите, кои се членови, кон развој и подобрување на меѓуетничките односи помеѓу сите оние кои живеат во Република Македонија; и решени да ги засилиме капацитетите на НВО-ите, кои земаат учество, за да генерираме заеднички иницијативи и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираме таквите иницијативи , ние се обврзуваме на следниве основни вредности кои ги подржуваат мисијата и целите на потписниците на МС.Затоа ние се обврзуваме на :

- Да бидеме водени во нашата работа од општите приницпи на толеранција, почитување на разликите и дијалогот.
- Да одговараме на потребите и добробита на луѓето на Република Македонија.
- Одговорност и транспарентност.
- Партиципирачка демократија.
- Развој фокусиран врз луѓето.
- Почитување на правата, културата и достинството на сите луѓе.
- Обезбедување организацијата да остане верна на нејзината мисија и цели.
- Унапредување на волонтерство, и активно волонтерско инволвирање на сите нивоа.
- Заемна соработка, колаборација и мрежно работење со други агенции во врска со прашања од заемен интерес.
- Стремеж кон одличност, вклучувајќи и ефикасно и ефективно давање услуги на сите нивоа.

**Б. Управување**

Ефективноста на нашата работа зависи од управувачките структури на секоја организација. Како професионални организации, ја потврдуваме важноста на формирање и одржување на способни тела кои ќе управуваат со внатрешното функционирање на нашите индивидуални организации. Посветени, искусни и одговорни поединци се битен дел за ова. За таа цел, ние:

- ќе обезбедиме организацијата да има јасна визија, мисија, цели и политики, и да се придржува кон истите

- ќе ја конкретизираме фреквенцијата на состаноците, кворумите и улогата и овластувањата на управувачката структура

- ќе развиваме политика која забранува директен или индиректен судир на интереси од страна на управувачката структура, членовите, вработените и волонтерите. ќе обезбедиме членовите на управувачката структура и на персоналот да бидат самите ослободени од одлуките каде тие имаат, или се согледува дека имаат, стекнати интереси

- Во случај на независен Одбор или Повереништво, ќе усвоиме политика која ги дестимулира членовите да поднесуваат тендери до организацијата или да конкурираат за места во персоналот во рамките на организацијата. Оваа политика мора да стипулира дека ако тие сакаат да го сторат едното или другото, тие мораат да се повлечат од управувачката структура

- ќе обезбедиме управувачката структура да го разбира и да е одговорна за сеопфатното донесување на одлуки и да прифати крајна одговорност за управувањето на сите аспекти на организацијата

- Во рамките на финансиските ограничувања, ќе обезбедиме управувачката структура да го рефлектира етничкиот состав на македонското општество и на разните целни корисници со кои НВО-ите работат, во однос и на нивниот состав и на нивната географска распространетост како и двата пола да бидат еднакво претставени.

- ќе обезбедиме да се изврши процена на потребите преку директни контакти со репрезентативен број на корисниците пред развивањето на самата предлог иницијатива.Членовите ќе пбезбедат целиот процес на дизајнирање и на имплементација на иницијативата да биде водена од потребите на корисниците .

## В. Стандарди на соработка помеѓу НВО-ите членки

***Општи стандарди***

- НВО-ите - членки ќе бидат отворени за соработка со другите НВО-и во справувањето со потребите и желбите на заедницата / корисниците на кои им служи таа НВО.

- НВО-ите - членки ќе го охрабруваат и ќе го поддржуваат развојот на НВО секторот на нивното регионално ниво како и на национално ниво

- НВО-ите - членки ќе бидат отоворени за пренос на информации и на знаење за функционирањето на НВО секторот, за новите и идните НВО-и

- НВО-ите - членки активно ќе се ангажираат во размена на информации со другите НВО-и за да се олесни заедничката акција и да се одбегне дуплирање на напорите.

- НВО-ите - членки ќе ја охрабруваат локалната НВО заедница заедно да се ангажираат во контакти и во соработка со локалната самоуправа, приватниот сектор и медиумите, за да се подобри ефективноста на секторот.

Стандарди на соработка меѓу НВО-ите - членки кои се членови во рамки на Регионален центар и во рамки на Националната Мрежа

- НВО-ите - членки ќе работат во духот на соработката, заемна доверба, толеранција и почитување на разликите.

- НВО-ите -членки ќе обезбедат да има редовна размена на информации помеѓу нив за нивните активности и иницијативи.

- НВО-ите - членки ќе обезбедат нивните индивидуални корисници и мрежата на соработници да бидат свесни за активностите на Регионалниот центар / Националната мрежа.

- НВО-ите - членки ќе изнајдат начини за споделување и дисеминација на знаењето стекнато преку разните програми за обука во кои тие учествувале.

- НВО-ите - членки ќе потрудат да најдат начини за решавање на недоразбирањата и судирите помеѓу нив преку конструктивен дијалог и анализа на проблемот.

- Во случај на неможност да се реши конфликт помеѓу НВО-ите кои се членови како што е одредено погоре, ќе се следи процедурата пропишана во Меморандумот на соработка.

- НВО-ите - членки ќе настојуваат да ги координираат преку Регионалните центри своите активности во лобирањето за причините на корисниците со локалната самоуправа и со приватниот сектор.

- НВО-ите - членки ќе настојуваат да ги координираат преку националната Мрежа своите активности во лобирањето за причините на корисниците со локалната самоуправа и со приватниот сектор.

*Стандарди на соработка помеѓу партнерите во заеднички проекти*

- Во формирањето на проектни сојузи, НВО-ите кои се членови ќе се водат од желбата, способноста и капацитетот на партнерите, а не единствено од потребата да се има етнички различен тим.

- Проектни сојузи помеѓу НВО-ите кои се членови ќе бидат направени по елаборатна дискусија на целите, образложението и корисниците на предложената иницијатива .

- НВО која ја предлага иницијативата ќе биде водечка НВО и ќе претставува контактна точка со донаторот , локалните агенции и медиумите за таа конкретна иницијатива.

- По усогласувањето на целите и образложението на иницијативата , партнерите во истата ќе земат учество во дизајнирање на иницијативата и во дефинирање на улогата на нивната поединечна организација . Ова ќе вклучи и должности и одговорности на поединечните партнери во дизајнирањето и имплементацијата , како и финансиските последици на учествувањето.

- Кога се претставува заедничка предлог – иницијатива до агенциите кои би ја финансирале иницијативата , името на водечката НВО и на нејзините партнери во иницијативата ќе биде видливо и јасно поставено.

- Во фазата на имплементацијата на иницијативата , водечката НВО ќе биде одговорна за иницијативата .

- Во фазата на имплементацијата на иницијативата , поискусните НВО-и во рамките на соодвеsниот иницијативен сојуз , ќе го пренесат знаењето на помалку искусните члемови , така девајќи придонес на сеопфатната стратегија за зголемување на капацитетите на НВО-ите.

- Во сите кампањи за дисеминација на информациите кои се однесуваат за заедничката иниоцијатива , имињата на сите иницијативни соработници ќе бидат спомнати.

- НВО-ите кои членуваат ќе ги сторат сите напори да обезбедат секое недоразбирање или судир што потекнува внатре од проектниот сојуз, да биде решен интерно преку конструктиван дискусија и дијалог. Во случај да не се постапи така, ќе се следи процедурата пропишана во Меморандумот на соработка.

- НВО-ите - членки ќе ја промовираат идејата на меѓуетничка колаборативна работа со давање на позитивни примери преку успешната имплементација на заеднички меѓуетнички иницијативи.

- НВО-ите - членки ќе настојуваат да научат лекции од имплементацијата на заедничката иницијатива преку идентификација на проблемите и како истите можат да бидат надминати како и  преку успешната пракса .Овие информации ќе бидат споделени со членовите на Мрежата , преку вебсајтот на Мрежата , а  со цел да се направи да биде вреден ресурс за целата заедница на НВО-и.

**Г. Одговорност**

Нашата заложба да се унапредува демократијата е втемелена во културата на партиципација и на комплетна одговорност во рамките на нашите организации. Клучот е транспарентноста во сета работа која ја правиме. За оваа цел:

- Ние ќе развиваме механизми кои ќе им овозможат на сите наши вложувачи, да бидат инволвирани во програмите на планирање кои директно имаат последици по нив.

- Ние ќе обезбедиме можности за редовни проценки и ажурирања на програмите кои вклучуваат придонес на заедницата и на вложувачот.

- Ние ќе одржуваме годишно генерално собрание, со целосно, отворено и прецизно објавување на релевантните информации во врска со целите, програмите, финансиите и управувањето. Ова ќе обезбеди одговорност кон корисниците и донаторите.

- Ние ќе одржуваме редовни стратешки планирачки седници на кои поважните вложувачи се поканети да дадат придонес.

**Д. Менаџмент и човечки ресурси**

Човечки капацитети и вешто лидерство се критична компонента на ефективноста на нашата работа. Ќе се обидеме да ги следиме најуспешните менаџмент пракси кои се соодветни на мисијата, работењето и управувачката структура на организацијата. За таа цел:

- Ние периодично ќе правиме повторна процена на мисијата, целите и работењето на организацијата, во светло на менливите контексти и потреби на корисниците.

- Ние критички ќе ја анализираме нашата сопствена пракса и нашата организациска култура и ќе ги направиме оние промени кои се потребни за градење на култура која охрабрува креативност, различност, одговорност и почитување што ќе ги признае сите културни групи како еднакви партнери во развивањето на органзиацијата.

- Ние ќе развиваме јасни, добро дефинирани и пишани политики и постапки кои треба да се следат, а кои се однесуваат на сите вработени, членови и волонтери.

- Ние ќе основаме и ќе одржуваме дисциплински и жалбени постапки со јасни линии на авторитет и на одговорност.

- Ние ќе имаме јасни и транспарентни постапки за вработување на нов персонал, и на отповикување на постоечкиот персонал.

- Ние ќе имаме јасни развојни кадровски политики кои имаат за цел да овозможи на сиот персонал и на сите волонтери да си ги зголемат своите вештини за да можат истите да се искачат на поголеми нивоа на одговорност.

- Ние ќе развиваме адекватни и прифатливи системи на проценување на вештини, искуство и квалификации, нивоа на одговорност и извршување, и ќе даваме надокнада на оваа основа.

- Ние ќе го охрабруваме менаџментот да усвојува интерактивни стилови на водење и политика "на отворена врата" за да се олесни добрата комуникација помеѓу вработените и менаџментот.

НВО-ите имаат потреба да направат приоритет во развојот и одржувањето на соодветни стратегии на управување со финансиите. Нашите финансии ќебидат управувани да се обезбеди уредно користење на средствата и одговорност за членовите и донаторите. За таа цел:

- Ние ќе се придржуваме до општо прифатените деловни сметководствени и ревизорски пракси.

- Ние ќе формираме соодветни финансиски системи и ќе обезбедиме да вработиме квалификувани лица да раководат и да управуваат со овие системи.

- Ние ќе вршиме годишни ревизии за приходите и за трошоците.

- Ние ќе имаме јасни политики за заемите и напредувањата на вработените.

- Ние ќе основаме механизми да обезбедиме нашите постапки за набавка на стоки и услуги да бидат ослободени од стекнати интереси на поединци во нашите организации и истите да бидат во функција на намалување на трошоците.

- Ние ќе подготвуваме реална иницијатива или буџети на организацијата, а потоа ќе вршиме надзор и ќе се придржуваме до нив. Во инстанци кога треба да се прават промени, соодветни консултации треба да бидат направени и секакви амандмани да бидат запишани.

- Ние формално и јавно ќе обвиниме членови за секој обид на измама, крадење или злоупотреба.

- Кога е можно, ние ќе обезбедиме базата за финансирање на организацијата да биде од разни извори.

- Ние ќе ги држиме административните трошоци и трошоците за собирање пари на минимум за да обезбедиме максимални можни средства да стигнат до корисниците.

- Ние ќе обезбедиме добиените средства да се користат само за наменетата цел и донаторите да се консултираат за потребата за промени во акциониот план и буџет.

- Ние ќе обезбедиме тендерите и договорите кои се потребни, да го охрабруваат учеството на малите и новите претпријатија, посебно оние кои се во сопственост на претходно обесправените сектори на нашето општество.

- Ние ќе дадеме јасно и транспарентно сметководство на поширокото членство и / или на корисниците на организацијата.

**Ѓ. Ресурси**

Имаме потреба од системи за да се управува со средствата на организацијата на одржлив начин и на начин кој ги намалува трошоците. Ова е важен инструмент за секторот во одржувањето на неговите вредности на ефективност и ефикасност во нашата работа. За таа цел:

- Ние ќе развиваме интерни постапки и контролни механизми и истиве ќе ги имплементираме за да се обезбеди уредно користење на средствата на организацијата и јасно да се разграничи организациската употреба од приватната употреба.

- Ние ќе развиваме и ќе имплементираме механизми за надзор врз користењето на времето на вработените.

- Ние ќе вршиме периодични анализи поврзани со трошоците и корисноста на иницијативите и ќе ги разгледуваме алокациите на ресурсите во светло на истиве.

## А Н Е К С 3

## ЕЦМП регионални НВО центри

**А. Цели**

Во рамките на концептот на *ЕЦМП НВО мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија* Ќе бидат основани одреден број *ЕЦМП регионални НВО центри* (во понатамошниот текст “Регионални Центри”). Овие Регионални центри ќе имаат за цел подобрување на меѓуеничката толеранција,

почитта за разликите и дијалогот помеѓу сите заедници во Република Македонија. Со таа цел, тие ќе работат на зајакнување на капацитетот на НВО членките кои се потписници на овие цели, ќе го потпомогнат развојот на меѓуетнички проекти врз основа на локално воспоставени приоритети и подршка за имплементација на истите.

**Б. Членство и пристап**

Регионалните центри ќе ја опслужуваат локалната НВО заедница посветена на овие цели. Регионалните центри воедно ќе обезбедуваат и форум на дијалог помеѓу локалното население и локалната самоуправа од една и НВО членките од друга страна.

Членството на НВО во Регионалните центри во широка рамка ќе го рефлектира етничкиот состав на локалната заедница , додека бројот на членки ќе варира од Центар до Центар, очекувајќи просечен број од 15 членови.

Членството во локален НВО ресурсен центар подразбира членство во *ЕЦМП НВО мрежата за подобрување на меѓуетниочките односи во Република Македонија* (во понатамошниот текст Мрежата"). Криутериумите за членство се воспоставени од страна на мрежата во Анекс 1. Се додека Регионалниот центар не брои 10 НВО членки, вклучувајќи потполна застапеност на сите етникуми во тој регион, одлуките за прием на членки во односниот Регионален Центар ќе бидат донесувани на ниво на Мрежата, по ревидирањето на советот од Регионалниот центар. Тогаш кога бројот на членки во центарот ќе го надмине бројот 10, и откога Мрежата ќе потврди дека ова членство е доволно претставително, оттогаш тоа самото ќе одлучува за приемот на нови членови во согласност со критериумите наведени во Анекс 1.

Одлука за отстранување на некоја членка на Регионалниот центар ќе биде донесена од тој центар во согласност со принципите на одлучување образложени погоре, а во согласност со критериумите воспоставени во Анекс 1, алинеа 11, која одлука е предмет на потврда од страна на Мрежата, а во согласност со процедурите воспоставени за таа цел.

**В. Врски со локалните заедници и локалните власти**

НВО кои соработуваат преку *ЕЦМП регионални НВО центри* ќе излегуваат во пресрет на потребите на локалните заедници. Кога регионалните центри ќе ги воспостават приоритетните области за развој на иницијативи тие ќе ги консултираат претставниците на заедницата околу локалните потреби и најдобрите начини за нивно пресретнување. Ваквите консултации ќе се изведуваат периодично.

Регионалните центри ќе бараат соработка од страна на локалната администрација, задржувајќи ја притоа својата потполна независност во дизајнирањето и

изведувањето на своите иницијативи .Притоа ќе се изведуваат редовни консултации.

## Г. Програми и активности

Како додаток на испорачувањето на иницијативи што ќе обезбедат директна корист на локалните заедници како резултат на интретничка соработка на НВО, Регионалните Центри ќе:

- Помага НВО членките во зголемување на нивниот капацитет.
- Обезбедат објекти за интеретничка НВО соработка.
- Помогнат во прибирањето на фондови за иницијативи.
- Поддржат испораката на иницијативи.
- Обезбедат изводливост, транспарентност и одговорност на иницијативите и да ги проценат резултатите.
- Подигнат профилот на НВО соработката од ваков вид во областите и на национално ниво.
- Претставуваат интересите заеднички за сите НВО и суштински за нивното успешно функционирање на локално ниво.
- Одржување на процедурата за обработка на темите во согласност со Акциониот План додека подготовките за проектните потреби да зависат од неопходностите.
- Обезбедат дека се следи Развојниот Циклус на Иницијативниот предлог.
- Месечно известување за трошоците на РЦ вклучувајќи ги и трошоците за иницијативите (на членовите на РЦ).
- Членовите на Регионалниот Центар ќе изберат Координатор и Помошник Координатор кој ќе биде одговорен за следново:

    1. Да воспостави состаноци;
    2. Да го претставува РЦ во јавноста;
    3. Да лобира;
    4. Да го имплементира Акциониот План;
    5. Да го претставува РЦ во координативното тело како член;
    6. Да ги стимулира НВО во Мрежата да работат кон остварување на акциониот план;

**Д. Функционирање на Регионалните центри**

Сите члени ќе ги спроведуваат сите свои активности во согласност со стандардите на Мрежата. Регионалните центри можат да донесуваат одлуки во согласност со гореспоменатите активност. Клучните одлуки во однос на активностите на Центарот ќе бидат донесувани на принцип на мнозинство од сите членови на Центарот, а воедно предмет на овластување на Мрежата.

Еднаш годишно, Центарот ќе зацртува приоритети за развој на локални иницијативи на НВО, по консултациите со претставници од локалното население и локалните власти, а во согласност со успехот на претходниот иницијативен циклус. Регионалните центри ќе ја засилат поддршката за иницијативите кои се во согласност со поставените приоритрети, иако ова не исклучува одобрување на други иницијативи.

При одлучувањето за подршката на развојот и финансирањето на иницијативите, Регионалните центри ќе се раководат според следниве фактори:

- Капацитетот на НВО која го предлага проектот и мултиетничната природа на сојузот од НВО кои ја предложуваат иницијативата
- Остварливоста и одржливоста на иницијативата
- Соодветноста на иницијативата со приоритетните потреби идентификувани од страна на Регионалниот центар
- Одредбите за транспарентност и отчетност при изведување на иницијативата

Регионалните центри ќе развиваат годишни планови на своите активности во согласност со утврдените приоритети, и ќе презентираат годишни извештаи за активностите спроведени од страна на НВО под нивно покровителство.

Регионалните центри можат да препорачуваат мали иницијативи за директно финансирање преку ЕЦМП. Тие, исто така, можат да препорачаат ЕЦМП да обезбеди почетно финансирање за потполн развој на поголеми предлог иницијативи кои ветуваат. Регионалните центри, исто така, можат да препорачаат делумно финансирање од страна на ЕЦМП како начин да се привлечат повеќе финансиери. Центарот препорачува одредена иницијатива да биде преземена од инфраструктурата на Националната мрежа со цел лобирање за донаторска поддршка.

Воедно, Регионалните центри се согласуваат со приоритетите за обука воспоставени од страна на Мрежата како и со програмата за обука.

Членовите на Регионалните центри самите ќе одредат како ќе го водат тој центар. Регионалните центри ќе воспостават Извршен комитет одговорен за одржување на договорените рутински операции под управа на целото членство. Извршниот

комитет воедно ќе го претставува Центарот во контактите со Мрежата и контактите со другите Регионални центри.

**Ѓ. Критериум за континуирано функционирање на РЦ**

- Редовни состаноци на НВО членките на РЦ, согласно договорениот кворум (најмалки два пати месечно)
- Мандаторска организација на граѓански форуми во согласност со годишниот акционен план на Регионалниот Центар. Во случај да форумот не е организиран во планираното време, тоа треба да се надомести во периодот кој следи.
- Да генерираат проектни предлози од одржаните форуми, најмалку една иницијатива на секои три месеци
- Сите центри ќе ја имаат одговорноста да имплементираат најмалку една заедничка меѓуетничка иницијатива во тек на шестмесечен период, или 2 иницијативи во годината.
- Иницијативите имплементирани во РЦ не треба да се целосно предеставени пред националната мрежа, со можност тие да се имплементираат на национално ниво.
- Центрите кои не успеваат да функционираат согласно горенаведените критериуми ќе бидат предмет на повлекување на нивното финансирање и на затворање.

**Е. Престанок на работата на Регионалниот Центар**

Одлуката да се прекине со работата на РЦ може да се донесе со две третини од гласовите на членовите на тој Центар. Мрежата, делувајќи преку собранието и условно преку Координативното Тело, исто така го задржува правото да ја донесе оваа одлука во согласност со механизмите на Меморандумот за соработка, во случај РЦ да не ги исполни критериумите за продолжување од ставката VI во анекс 3.

Во случај на затварање на РЦ, целосната техничка и материјална опрема Ќе биде вратена на Мрежата, заедно со преостанатите финансиски фондови на РЦ кој што е во прашање. По совет на Координативното Тело, ЕЦМП понатамѕ може да одлучи каде да ги пренамени овие средства.
Во случај на затварање на Регионалниот Центар, Ецми го задржува правото да повторно го отвори истиот Регионален Центар со нов состав на членови.

ЕЦМП може да го повлече финансирањето за Регионалниот Центар кој очигледно не успева да ја оствари целта на Регионалниот Центар во претходно уитвредена консултација со Координативното тело.

**Ж. Инфрастуктура**

Регионалните центри се здруженија на НВО учеснички кои соработуваат преку инфраструктурата обезбедена од страна на ЕЦМП и со активности потпомогнати од страна на ЕЦМП. ЕЦМП ќе воспостави мала канцеларија за Регионалните центри, ќе обезбеди основни компјутерски и комуникациски услови, итн. Рутинските операции на Регионалните центри ќе бидат во надлежност на локалните НВО. ЕЦМП, преку својата канцеларија во Скопје, како што е погоре наведено, ќе ги поддржи овие активност, вклучувајќи ја обуката.

## 3. Односи со Националната мрежа и соработка меѓу Регионалните центри

Регионалните центри ќе функционираат во рамките на севкупниот концепт на националната *ЕЦМП мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија* со цел подобрување на меѓуетничките односи. Мрежата ќе воспостави општи принципи на дејствување и насочување кои воедно ќе важат и за регионалните центри. Мрежата ќе ги координира понудите за обука, ќе одржува национални Веб-ресурси како платформа на која НВО учеснички ќе имаат прилика да ги презентираат своите профили и активности, како и да обезбедат информации за финансирања и слични прашања на НВО учеснички, и ќе асистира во презентирањето на предлог иницијативите кои произлегуваат од Регионалните центри или од Мрежата пред финансиерите.

Регионалните центри, исто така, ќе се стремат да ги координираат своите активности преку директни меѓусебни контакти и преку поддржување на работата на специјализираните тематски комитети ширум Регионалните Центри и Координативното Тело.

Се препорачува да Регионалните Центри имаат технички асистент со полноработно време и во сите, со цел да се обезбеди контиунирано функционирање на центарот.

**Придружно членство**

- Одржување на мултиетничкиот карактер на Регионалниот Центар прифаќајќи нови и придружни членки.
- При прифаќањето на придружните членки се препорачува максимална секторска застапеност, зголемувајќи го со тоа севкупниот капацитет на Регионалниот Центар да третира широк спектар на сектори.
- Регионалните ограноци на НВО-ите членките може да конкурираат да станат член на Регионалниот Центар и да стекнат статус на придружна членка без право на глас во Генералното СОбрание или во Регионалните Центри.

**Договор за работа на Регионалните центри**

1. Процедури и критериуми за аплицирање на национално ниво

- Иницијативата со која ќе се аплицира на национално ниво да се предложи од намалку три НВОи од различни регионални центри
- Апликантите и пртнерите се должни да ги информираат членките во својот регионален центар
- Иницијативите се испраќа преку регионалниот центар од каде што е носителот на проектот
- Иницијативата се испраќа до е- маил групата на координативното тело и до кнацеларијата во Скопје